РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 17 став1 точка 7 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси (Службен весник на Република Македонија 12/19), Државната комсија за спречување на корупција објавува

# П О В И К

## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА АНАЛИТИЧАРИ НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2021

Заради ефикасно следење на изборната кампања на учесниците на претстојните Локални избори, ДКСК има потреба од ангажирање **на 5 аналитичари на податоци**

### УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО:

Заинтересираните кандидати потребно е да ги исполнат следниве услови:

- Да се дипломирани економисти или на завршни студии од областа на економските науки;
- Познавање и работа со excell и word документи;
- Аналитички способности и вештини за читање и анализа на финансиски извештаи;
- Основни знаења за работата на полтичките пратии и изборните кампањи
- Да не е член на политичка партија;
- За време на изборниот процес да не е работно ангажиран.

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ:

Заинтересираните кандидати треба да го пополнат образецот „Пријава за аналтичар„ и „Изјава“ која е составен дел на Пријавата кои се достапни на интернет страната на Државната комисија за спречување на корупција www.dksk.mk и истите заедно со потребните документи да ги достават на меил адресата: izbori@dksk.org.mk

### РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:

**Рокот за пријавување ќе трае до вторник, 31.08.2021 година.**

### НАЧИН НА ИЗБОР:

Изборот на кандидати ќе се изврши од страна на овластени лица од ДКСК и ИФЕС по претходно спроведено интервју и тестирање. Времето за спроведување на интервјуто и тестирањето ќе биде дополнително договорено со секој од кандидатите кој ќе ги исполни претходно наведените услови.

### ОБВРСКИ НА АНАЛИТИЧАРИТЕ:

- Секојдневно присуство во работните простории на ДКСК со полно работно време;

- Анализа на остварените приходи спрема нивните извори прикажани во:
  - годишните извештаи од редовното работење за 2019 и 2020 година на политичките партии – учесници во Локалните избори и
  - полугодишните извештаи за приемни донации за 2019, 2020 и 2021 година
- Секојдневно следење на промените на трансакциските сметки на учесниците:
  - проверка на уплатените износи на донации;
  - проверка за двојни донации: и на редовна сметка и на изборна сметка од ист донатор (правно или физичко лице);
  - проверка на донаторите со други бази на податоци (Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување, Управа за јавни приходи)
  - Секојдневно следење на социјалните мрежи и порталите кои вршат политичко рекламирање;
  - Анализа на исплатените средства од трансакциските сметки и нивно поврзување со трошоците прикажани во периодичните извештаи од страна на учесниците;
  - Комуникација со одредена група теренски набљудувачи – давање на насоки за конкретни активности.
- Присуство на обуки организирани од страна на работодавачот.

**ОБВРСКИ НА ДКСК:**

Кон избраните аналитичари ДКСК ги има следниве обврски:

- Да склучи договор за уредување на исполнување на меѓусебните обврски;
- Да спроведе потребна обука;
- Да исплати еднократен надомест од 25.000 денари нето/месечно;
- Да обезбеди работни простории и компјутерска опрема;
- За исплатените надоместоците да го плати износот на персонален данок.

**ПЕРИОД НА АНГАЖМАН:**

Периодот на ангажман е од 1 септември до 30 ноември 2021 година, со можност на дополнителен ангажман до почетокот на 2022 година.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА**
**СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА**
Претседател,
Билјана Ивановска